**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**
**Број** 08-3007/1
14 **.10.2020 година**
**С К О П Ј Е**

Врз основа на членот 63 став 2 и членот 31 став (2) точките 2 и 44 од Изборниот законик („Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 54/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17, 125/17, 35/18, 99/18, 140/18, 208/18, 27/19, 98/19 и 42/20), член 66 од Деловникот на Државната изборна комисија, бр. 1-1322/1 од 06.07.2017 година и бр. 08-588/1 од 01.03.2019 година, Државната изборна комисија на 07 октомври 2020 година, донесе

# П Р А В И Л Н И К
## за регулирање на постапката за собирање потписи и начинот на определување на нотарите

**1.**

Право да поднесат листа на кандидат за претседател на Републиката имаат група избирачи или група пратеници. Право да поднесат листа на кандидати за пратеници, листа на кандидати за членови на совет, односно листа на кандидат за градоначалник имаат регистрираните политички партии самостојно, коалиции, како и група избирачи (во натамошниот текст: подносител на листа).

Потписите на избирачите во постапката на кандидирање се собираат пред службените лица на Државната изборна комисија и пред надлежен нотар.

Потписите се собираат на Образец утврден од Државната изборна комисија, кој содржи име и презиме, постојано живеалиште, единствен матичен број на предложениот/ите кандидат/и, како и име и презиме и единствен матичен број на избирачот кој го потпишува предлогот.

Обраците на кои се собираат потписите се објавуваат на интернет страната на Државната изборна комисија (https://www.sec.mk/).

Називот на овие листа се означува со „група избирачи" и

- името и презимето на предложениот кандидат односно
- името и презимето на првопредложениот кандидат – носителот на листата.

Собирањето потписи, во постапката на кандидирање согласно одредбите од Изборниот законик, започнува десеттиот ден од денот на распишувањето на изборите и трае 15 дена.

**2.**

Кога подносител на листа на кандидат за претседател на Републиката е група избирачи, потребно е да се соберат најмалку 10.000 потписи од запишаните избирачи во изводот на Избирачкиот список на Република Северна Македонија.

Кога подносител на листа на кандидати за пратеници е група избирачи, е потребно да се соберат најмалку 1.000 потписи од запишаните избирачи во изводот на Избирачкиот список на изборната единица.